Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-21/4
09.07.2021 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

На 27.02.2020 до Комисијата за заштита од дискриминација од страна на [redacted] доставена е претставка заведена под бр. 0801-21/1, поднесена против Агенција за утврдување на незаконски, непрофесионални и други колективно штетни постапки во процесот на селекција на работници на Управата за безбедност и контраразузнавање и преземање во Агенцијата за национална безбедност.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на сила на овој закон, ќе завршат според одредбите на овој закон.

После разгледувањето на списите од предметот Комисијата одлучи дека **постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата нема надлежност да постапува и мериторно да одлучува во предмети за извршување на извршни исправи.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Заради сетогоренаведено, претставката бр. 0801-217/1, поднесена на 27.02.2020 од страна на [redacted] против Агенција за национална безбедност, **СЕ ОТФРЛА заради ненаделжност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Дополнително, бидејќи подносителот во претставката не оставил адреса на која Комисијата може да го контактира, оваа одлука ќе биде доставена само до Агенцијата за национална безбедност.

Скопје

09.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје